|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НЕДЕЛА | | | | 19. | 20. | 21. | 22. | 23. | 24. | 25. | | 26. | 27. | 28. | 29. | | 30. | 31. | 32. | пролетен распуст | | 33. | 34. | 35. | 36. | 37. | 38. | 39. | 40. | Бр. |
| Работни денови | Јануари 2024 | | | | | Февруари 2024 | | | | | Март 2024 | | | | | Април 2024 | | | | | | Мај 2024 | | | | Јуни 2024 | | | | |
| Понеделник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 20 |
| Вторник | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 20 |
| Среда | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 19 |
| Четврток | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 20 |
| Петок | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 19 |
| Сабота | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | |
| Недела | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | |
| Вкупно денови | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 98 |

8 Септември – Ден на независноста на РМ
11 Октомври – Ден на народното востание
23 Октомври – Ден на Македонската Револуционерна Борба
8 Декември – Св.Климент Охридски
1 Јануари – Нова година
7 Јануари – Божиќ
19 Јануари – Богојавление (Водици)
21 Март – Ден на екологија
22 Март – Ден на водата
10 Април – Рамазан Бајрам
22 Април – Ден на планетата Земја
3 Мај – Велики петок
1 Мај – Ден на трудот
5 Мај – Велигден
6 Мај – Втор ден Велигден
24 Мај – Св.Кирил и Методиј
Зимски распуст и летен распуст



| | I | II | Вк. |
|---|---|---|---|
| Понеделник | 16 | 20 | 36 |
| Вторник | 17 | 20 | 37 |
| Среда | 16 | 19 | 34 |
| Четврток | 17 | 20 | 37 |
| Петок | 16 | 19 | 34 |
| Вкупно: | 82 | 98 | 180 |

ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР

- 16 септември Светски ден за заштита на озонската обвивка
- 22 септември Меѓународен ден без автомобили
- 26 септември Светски ден на чисти планини (шуми)
- 4 октомври Светски ден за заштита на животните
- 8 октомври Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природат
- 15 октомври Меѓународен ден на пешачење (ден на бел стап)
- 16 октомври Меѓународен ден на храната
- 20 октомври Ден за борба против пушењето
- 29 декември Меѓународен ден на биодиверзитетот (биолошка разновидност
- 2 февруари Светски ден на мочуриштата
- 5 март Светски ден за заштеда на енергија
- 21 март Ден на пролетта
- 21-28 март Денови на пролетта за заштита на околината
- 22 март Светски ден за заштеда на водите
- 7 април Светски ден на здравјето
- 22 април Светски ден на планетата
- 15 мај Светски ден за заштита на климата
- 31 мај Светски ден против пушењето
- 5 јуни Светски ден за заштита на животната средина

**8. 2 Поделба на класно раководство, поделба на часови на наставниот кадар, распоред на часови**

-Одделенско раководство

| **ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДСТВА 2023/2024** | | |
|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА** | **ПРЕДМЕТНА НАСТАВА** | **ЗАБЕЛЕШКА** |
| ***ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ*** | ***ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ*** | |
| ***1-1 Виолета Петковска*** | ***6-1 Бобан Блажески*** | |
| | ***6-2 Наташа Неданоска*** | |
| ***1-3 Милена Танеска*** | ***6-3 Елизабета Великоска*** | |
| ***ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ*** | ***СЕДМО ОДДЕЛЕНИЕ*** | |
| ***2-1 Весна Карадакоска*** | ***7-1 Фила Вероска-*** | |

| | | |
|---|---|---|
| | *Стојковска* | |
| *2-2 ----------------------------* | *7-2 Лидија Јевтовиќ* | |
| *2-3 Билјана Каланоска* | *7-3 Јулија Крстева* | |
| ***ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ*** | ***ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ*** | |
| *3-1 Светлана Жилевска* | *8-1 Силвана Крстеска* | |
| *3-2 Весна Речкоска Николова* | *8-2 Игор Стефаноски* | |
| *3-3 Анкица Цуцулоска* | *8-3 Благица Мутлакоска* | |
| ***ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ*** | ***ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ*** | |
| *4-1 Елена Китески* | *9-1 Јованка Анѓелкоска* | |
| *4-2 Магдалена Чалоска* | *9-2 Татјана Лошкоска* | |
| *4-3 Соња Милеска* | *9-3 Александра Рошкоска* | |
| ***ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ*** | | |
| *5-1 Елизабета Наумовска* | | |
| *5-2 Мени Алексиеска* | | |
| *5-3 Билјана Тодева Стојаноска* | | |

**-Распределба на часови 2023/2024 (прилог)**

**-Распоред на часови,( прилог )**

**8.3 Работа во смени**

**Централното училиште работи во две смени, а подрачното училиште работи само во една смена**

**РАСПОРЕД НА ЗВОНЕЊЕ**

**Прва смена-централно училиште**

| *Час* | *Време* | | *Одмор* |
|---|---|---|---|
| | *Почнува* | *Завршува* | |
| *1* | *$7^{40}$* | *$8^{20}$* | *5* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | $8^{25}$ | $9^{05}$ | 20 |
| 3 | $9^{25}$ | $10^{05}$ | 5 |
| 4 | $10^{10}$ | $10^{50}$ | 5 |
| 5 | $10^{55}$ | $11^{35}$ | 5 |
| 6 | $11^{40}$ | $12^{20}$ | 5 |
| 7 | $12^{25}$ | $13^{05}$ | |

**Втора смена-централно училиште**

| Час | Време | | Одмор |
|---|---|---|---|
| | Почнува | Завршува | |
| 1 | $13^{30}$ | $14^{10}$ | 5 |
| 2 | $14^{15}$ | $14^{55}$ | 20 |
| 3 | $15^{15}$ | $15^{55}$ | 5 |
| 4 | $16^{00}$ | $16^{40}$ | 5 |
| 5 | $16^{45}$ | $17^{25}$ | 5 |
| 6 | $17^{30}$ | $18^{10}$ | 5 |
| 7 | $18^{15}$ | $18^{55}$ | |

**Прва смена-подрачно училиште**

| *Час* | *Време* | | *Одмор* |
|---|---|---|---|
| | *Почнува* | *Завршува* | |
| *1* | *$7^{40}$* | *$8^{20}$* | *5* |
| *2* | *$8^{25}$* | *$9^{05}$* | *20* |
| *3* | *$9^{25}$* | *$10^{05}$* | *5* |
| *4* | *$10^{10}$* | *$10^{50}$* | *5* |
| *5* | *$10^{55}$* | *$11^{35}$* | *5* |
| *6* | *$11^{40}$* | *$12^{20}$* | *5* |
| *7* | *$12^{25}$* | *$13^{05}$* | |

### 8.4 Јазик на кој се изведува наставниот процес

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 26 | / | / | / | / |
| Број на ученици | 381 | / | / | / | / |
| Број на наставници | 44 | / | / | / | / |

### 8.5 Прифаќање и заштита на учениците од прво до трето одделение и продолжен престој

| **одделение** | **Наставник** |
|---|---|
| **прво** | Виолета Петковска<br><br>Милена Танеска |
| **второ** | Весна Карадакоска<br>-------------------------- |

| | |
|---|---|
| | Билјана Каланоска |
| **трето** | Светлана Жилевска<br>Весна Речкоска Николова<br>Анкица Цуцулоска |
| **Продолжен престој** | **Број на паралелки** |
| | **2** |

**8.6. Комбинирани паралелки**

**Во ООУ „Кочо Рацин“-Охрид нема комбинирани паралелки**

**8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште**

Во училиштето се изучуваат странските јазици:

| **Странски јазик** | **Англиски јазик** | **Германски јазик** |
|---|---|---|
| **паралелки** | **26** | **12** |
| **Број на ученици** | **381** | **169** |

**8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

Согласно законот во училиштето се реализира тандем настава.

Наставник: Наумче Јанкулоски, ------------------------

**8.9 Изборна настава**

| **Изборен предмет** | **Наставник** |
|---|---|
| Творештво | |
| Запознавање со религиите | Јованка Анѓелкоска |
| Проекти од музичка уметност | Игор Стефаноски |
| Проекти од ликовна уметност | Богоја Мојсоски |
| Техничко образование | Јулија Крстева |
| Проекти од информатика | Благоја Ристески |
| Вештини на живеење | Јулија Крстева<br>Ленче Грунческа |
| Програмирање | Ристески Благоја |

**Во училиштето се реализираат изборни предмети, по спроведени анкети и согласно распределба на наставен кадар.**

**8.10. Дополнителна настава**

Дополнителната настава во училиштето се реализира согласно проценката од страна на наставниот и стручен кадар за постигнувањата и можностите на учениците, со цел подобрување на истите. Распоредот и вклученоста на учениците зависи од детектираните потреби.

**8.11 Додатна настава**

Додатната настава се организира за ученици кои располагаат со високи интелектуални способности и поседуваат капацитети за продлабочување и проширување на квантитетот и квалитетот на знаења од поедини наставни предмети.

Во додатната настава ќе доминира истражувачкиот пристап во решавање на задачите и проблемите, работа во мали групи од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците, експериментирање, истражување.

Распоредот за додатна и дополнителна настава, (прилог )

Согласно законската регулатива, распоредот ќе биде допрецизиран до 20.09.2023 година.

**8.12. Работа со надарени и талентирани ученици**

**ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Во рамките на активностите на училиштето, посебно се акцентираат активностите за работа на учениците кои покажуваат посебен интерес и афинитети кон одредени подрачја во воспитно образовниот процес. **(прилог- програми)**

**Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици**

Секој наставник изработува идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација од септември до мај во текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажува талент,

целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со ПП служба .Секој наставник со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот. Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретско ниво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини. Наставникот преку овие настани програми за надарени деца треба да е во улога на соработник; наставниот диференциран програмски курикулум да е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици. Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните вежби наменети за понапредните ученици би се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици како во рамките на редовната настава по информатика, додатната настава и слободните ученички активности.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ**

| **Активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| ➢ Давање на идентификациони прашалници за откривање на логичко - математичка надареност, надареност за јазици, музичка надареност итн. | Септември<br>Октомври | Наставници<br>Родители |
| ➢ Примена на тестови за мерење на интелигенција на учениците кои наставниците ги детектирале како надарени или талентирани. | Октомври | Психолог |
| ➢ Помош и поддршка на наставниците за индивидуален пристап во работата со надарени деца на часовите и воннаставните активности. | Континуирано | Психолог<br>Педагог |
| ➢ Советодавна работа со надарени ученици и следење на нивните индивидуални постигања. | Континуирано | Психолог<br>Педагог |
| ➢ Консултативно – советодавна работа со родителите на надарените ученици. | Континуирано | Психолог |

| | | |
|---|---|---|
| | | Педагог |
| ➢ Остварување контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените деца. | Во текот на учебната година | Стручни лица од релевантни институции |
| ➢ Истакнување на постигнатите резултати на оваа категорија на ученици. | Континуирано и на крај на учебната год. | Директор, наставници, ППС |
| ➢ Пофалување и наградување на учениците за постигнатите резултати во учењето и на натпревари во знаење и спорт и училишни конкурси. | Континуирано и на крај на учебната година | Директор, наставници, педагог и психолог |

**8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби**

**Инклузивен тим**

**1. Славица Котеска**

**2. Томчо Алексоски**

**3. (психолог)**

**4. Елизабета Наумовска**

**5. Јованка Анѓелкоска**

**6. Наташа Илоска-родител**

**7. Мирјана Климоска- родител**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОТЕШКОТИИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВИТОК**

Во градењето на критериумите и стандардите на постигнувањата на учениците, училиштето особено посветува внимание на учениците со потешкотии во учењето, социјализацијата, едукацијата, мотивацијата, како и примена на соодветен пристап преку адаптирани форми и методи.

| активности | реализација |
|---|---|
| Детектирање на ученици со потешкотии во психичкиот развиток | Наставен кадар<br>Стручна служба |
| Примена на соодветен пристап | Директор<br>Стручна служба<br>Наставен кадар<br>родители |

| | |
|---|---|
| Примена на индивидуализиран пристап<br><br>И вклопување во животот на училиштето преку соодветни методи | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Наставен кадар<br><br>родители |
| Адаптирани програми | Одделенски наставници |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ФИЗИЧКИ НЕДОСТАТОК

| активности | реализација |
|---|---|
| Соодветен пристап на субјектите во училиштето кон учениците со физички хендикеп | Субјекти во училиштето |
| Градење на свест кај учениците за соодветен пристап спрема учениците со физички недостаток | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручна служба<br><br>Родители |
| Адаптирани програми | Наставен кадар |
| Адаптација на пристапот во училишната зграда | Директор<br><br>Локална самоуправа |

## ПРОГРАМА ЗА ПРИСТАП КОН РАЗЛИЧНОСТА НА СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА УЧЕНИЦИТЕ

| активности | реализација |
|---|---|
| Детектирање на социјален статус | анкети |
| Анализа на анкетите | Стручна служба |
| Градење на свест за меѓусебно прифаќање на учениците со различен социјален статус | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Наставен кадар |

| | |
|---|---|
| | родители |
| Хуманитарни акции - поддршка на ученици од ранлива социјална група | Наставен кадар<br><br>родители |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ

| активности | реализација |
|---|---|
| Детектирање на ученици со пречки во процесот на учење | Наставен кадар<br><br>Стручна служба |
| Детектирање на фактори кои придонеле да се појават пречки во процесот на учење | Наставен кадар<br><br>Стручна служба<br><br>родители |
| Адаптирање на програмите за ученици со пречки во учењето и примена на соодветен методолошки пристап | Наставен кадар |
| Вклучување во дополнителна настава | Наставен кадар |
| Следење на учениците со пречки во процесот на учење | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручна служба |

## ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИОЕМОЦИОНАЛНАТА СОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ

| активности | реализација |
|---|---|
| Детектирање на социјалната структура | Анкетирање |
| Детектирање на емоционалната состојба | Разговор, тестирање |
| Работилница за емотивно вклопување на учениците и подобрување на училишната | Стручна служба<br><br>Одговорен на детска организација |

| | |
|---|---|
| клима | Ученици<br><br>Членови на совет на родители |
| Социјални активности<br><br>-презентација на детски изработки<br><br>-излети<br><br>-екскурзии<br><br>-социјални игри<br><br>-градење на свест кај учениците за социјализација и комуникација преку наставни и воннаставни активности<br><br>-организација на драмски и музички претстави и литературно читање<br><br>-настапи на учениците во локалната средина и манифестации во општината и во други општини<br><br>-организирање на хуманитарни акции<br><br>-градење на свест за интегритет на сопствената личност и меѓусебна почит преку наставни и воннаставни активности<br><br>-поддршка и градење на самодовербата кај учениците | Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Одговорни на детска организација<br><br>Наставен кадар<br><br>Родители |

## ПРОГРАМА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОЗИТИВНА СОЦИОЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

| **активности** | **реализација** |
|---|---|
| Самоевaулација на училиштето за подрачјето на социоемоционална клима | Тим за самоевaулација |

| | |
|---|---|
| Презентација на заклучоците од самоеваулација и насоките за градење на социоемоционална клима пред наставнички совет, училиштен одбор<br><br>Совет на родители, родителски средби ученици | **Директор**<br><br>Стручна служба<br><br>Тим за самоеваулација<br><br>Наставен кадар |
| Градење на свест за меѓусебна почит преку наставни и воннаставни содржини | Преку наставни и воннаставни содржини |
| Почитување на личноста и интегритетот на возрасните и учениците | Лично однесување и пристап |
| Надополнување на Кодексот на однесување | Сондирање на мислења и заклучоци |
| Работилница за градење на свест на взаемно почитување на сите субјекти во училиштето - МИО | стручна служба<br><br>БРО |
| Активности на одделенски час за градење доверба, почит, еднаквост, правичност-МИО | одделенски раководители |
| Интерактивна работилница со родители на ученици кои се избрани по наведена процедура | стручна служба |
| Детектирање на ранлива група на ученици и вклопување во позитивните аспекти на животот на училиштето и примена на соодветни пристапи и мотивациони форми | Наставен кадар<br><br>Стручна служба<br><br>Директор<br><br>родители |

- Се планираат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот ракводител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите, содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Се планираат и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стручната служба во училиштето.

- Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите .
- Се планираат и интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа како и високообразовните институции за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини, како и финансиски план за реализирање.
- Еколошки акции и кампањи се организираат како дел од еколошката програма со цел да се промовираат еколошките активности во пошироката заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број на ученици, деца, вработени, родители, медиуми и сл.

## ПРОГРАМА ЗА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Во современиот воспитно-образовен процес, инклузијата претставува неопходност во вклучување на учениците со посебни образовни потреби во процесот. Инклузијата претставува вклопување и промена, како и континуиран процес.

Намалувањето на препреките во учењето, вклучува мобилизирање на сите постоечки средства кои постојат во училиштето и во рамките на заедницата.

| **активности** | **реализација** |
|---|---|
| Детектирање на пречките за учење | Наставен и стручен кадар |
| Изнаоѓање начини да се намалат препреките во учењето | Директор<br>Наставен кадар<br>Стручен кадар<br>Локална заедница |
| Употреба на соодветни нагледни средства | Директор<br>Наставен кадар<br>Стручен кадар<br>Локална заедница |
| Еднаков респект кон сите ученици и вработени | Директор<br>Наставен кадар |

| | |
|---|---|
| | Стручен кадар<br><br>Локална заедница |
| Вклопување на учениците во културата, наставната програма и заедницата | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручен кадар<br><br>Локална заедница |
| Соработка со ресурсен центар и центар за поддршка | |
| Намалување на препреките за учење | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручен кадар<br><br>Локална заедница |
| Признавање на правото на учениците за образование(законска обврска) | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручен кадар<br><br>Локална заедница |
| Гледање на разликите меѓу учениците како начин за подобрување на квалитетот и ефикасноста | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручен кадар<br><br>Локална заедница |
| Истакнување на улогата на училиштето создавање вредности и зголемување на постигнувањата | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручен кадар<br><br>Локална заедница |
| Професионален развој на наставниот и стручен кадар за едукација во доменот на инклузијата | Директор<br><br>Наставен кадар<br><br>Стручен кадар<br><br>Локална заедница |

**ПРОГРАМА ЗА ИНКЛУЗИЈА (ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ)**

Согласно чл. 11 од Закон за основно образование, училиштето изготвува Програма за инклузивно образование

| Ред.бр | Содржина | Забелешка |
|---|---|---|
| 1. | Формирање на Инклузивен тим | 7 члена |
| 2. | Детектирање на индивидуални потреби на учениците | Тим |
| 3. | Евидентирање на индивидуални потреби на учениците | Тим |
| 4. | Создавање на услови за инклузија | Тим |
| 5. | Прилагодување на наставните содржини за потребите на инклузија | Тим |
| 6. | Примена на соодветни форми и методи | Тим |
| 7. | Оценување на ученици со ИОП | Тим |
| 8. | Вклопување на учениците во воспитнообразовниот процес преку градење на свест кај сите инволвирани во работата на училиштето за потреба од инклузија | Тим |

Во рок од 30 дена од отпочнување на ученикот со настава, Ученичкиот инклузивен тим подготвува посебна програма

**8.14 Туторска поддршка на учениците**

Во училиштето поддршка на учениците со потешкотии во развитокот овозможува стручната служба во соработка со наставниците, родителите и надлежни институции.

**8.15 План за работа на образовниот медијатор**

ООУ „Кочо Рацин"- Охрид досега немало потреба од образовен медијатор.

**9.Вонnаставни активности**

Воннаставната воспитно- образовна дејност на основното училиште претставува интегрално подрачје во општата структура и содржина на вкупната воспитно- образовна дејност.

Програмата на училиштето опфаќа воннаставни активности на учениците со цел иницирање на индивидуалните интереси и развивање на способностите на учениците за социјализација, соработка, креативност, инвентивност и зајакнување на меѓусебна доверба и почит.

**9.1 Училишни спортски клубови**

**Училиштето е во процедура на регистрирање спортски клуб.**

Во меѓувреме тимот за организирање на турнири и други спортски активности, го сочинуваат наставниците Зоран Русески, Наумче Јанкулоски и --------------. Тие изготвуваат програма во која ќе бидат предвидени сите спортски активности кои ќе се

реализираат во нашето училиште оваа учебна година. Спортските активности кои ќе се реализираат во повеќе спортски дисциплини се: Фудбал (машки), Кошарка (машки и женски), Одбојка (машки и женски), Атлетика, ракомет, Пинг-понг, Шах, Бадминтон и друштвени игри ( Не лути се човече, шах и др.). Активностите ќе се реализираат во текот на целата учебна година во термините предвидени за Слободните ученички активности, учество можат да земат сите ученици од нашето централно училиште како и учениците од нашето подрачно училиште.

Училиштето планира да се реализираат натпревари во спомнатите активности на општинско ниво, како натпревари помеѓу основните училишта, но и да се реализираат натпревари и со средните училишта.

Завршните натпревари на регионално и државно ниво треба да се реализираат во периодите Март - Април и во месец Мај кога се одржуваат и натпревари организирани од Сојуз за училиштен спорт Охрид и Федерацијата за училиштен спорт на Македонија. Одговорни наставници за реализацијата и евалуацијата на овие активности се наставниците по ФЗО Зоран Русески, Наумче Јанкулоски и ---------------- кои на крајот од учебната година доставуваат и извештај за работата и постигнатите резултати од овие воннаставни активности.

**Активностите од училишниот спорт ќе се реализираат согласно заедничката програма на сојузот на спортови на Општинско, регионално и државно ниво.**

Конкретната цел на овие активности ќе биде создавање на поздрави, поефикасни и посреќни ученици кои преку овие активности имаат можност да се дружат, социјализираат и пред сè спортски да се воспитуваат учениците.

**9.2 Секции/Клубови**

Задачи :

Оспособеност за самостојно решавање на поставените задачи;

Воочување на релациите во природата и општеството и откривање на нови законитости;

Развивање на критичкото мислење, јавно изнесување на своите ставови и почитување на ставовите и мислењето на другите;

Формирање навики за правилно користење на слободното време;

Почитување на својот труд и трудот на другите;

Формирање способности и потреби кај учениците за позитивна општествена афирмација;

Да се информираат за основните можности на науката, техниката, технологијата, економијата;

Придонес за заштита на животната средина;

| | Секција | Раководител на секцијата |
|---|---|---|
| 1 | Рецитаторско – драмска секција | Благица Мутлакоска |
| 2.. | Литературно-рецитаторска секција | Фила Вероска-Стојковска |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Литературно драмска секција | Наташа Неданоска |
| 4. | Википедија клуб | Наташа Неданоска |
| 5. | Љубители на англиски јазик | Лидија Јевтовиќ |
| 6. | Љубители на германски јазик | |
| 7. | Ликовна секција | Магдалена Чалоска |
| 8. | Ликовна Секција | Богоја Мојсоски |
| 9. | Сообраќајна секција | Јулија Крстева |
| 10. | Еко клуб | Татјана Лошкоска<br>Ленче Грунческа |
| 11. | Креативна секција | Виолета Петковска |
| 12. | Математичко физичка секција | Силвана Крстевска |
| 13. | Математичка секција | Елизабета Великоска |
| 14.<br>15.<br>16. | Спортска секција | Зоран Русески<br>Наумче Јанкулоски |
| 17. | Клуб на млади граѓани | Јованка Анѓелкоска |

Учеството на учениците се детектира на почеток на учебна година.

### 9.3 Акции

**Во училиштето континуирано се организираат и реализираат базари, хепенинг, хуманитарни акции, еколошки акции, со цел активно вклучување на учениците и родителите во воспитно- образовниот процес и соработка со локалната средина.**

| **Активности** | **Содржини** | **Учесници/координатори** | **Тим за следење** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| Базари | -Новогодишен базар<br>-Велигденски базар | Ученици од 1-5 0дделение/ Координатори: Весна Речкоска Николова, наставници од одделенска настава, родители | Педагог<br>Психолог<br>Претседател на Совет на родители | -декември<br>-април |
| Хепенинг | -Патронен празник<br>-Хепенинг организиран од страна на Општина Охрид и др. институции | -ученици од одделенска настава;<br>-Ученици од 5 одд.<br>-Ученици од 6-9 одд.<br>-Комисија за организирање на настани | -директор,<br>-педагог,<br>-психолог,<br>-претставник од совет на родители | -Ден на училиштето<br>-преку целата наставна година |
| Еко-акции | -Еколошки акции во рамките на училиштето<br>-Еколошки акции организирани | -Ученици од 6-9 одделение;<br>-Координатори: Татјана Лошкоска, Ленче Грунческа | -директор,<br>-стручна служба,<br>-претставник од совет на родители, | -пролет,<br><br>-есен, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од страна на др. институции | | | |
| Хуманитарни акции | -Вклучување во тековни хуманитарни акции | Ученици, родители, вработени, Координатор, Наташа Неданоска | Ст.служба | Преку наставна година |
| Акции | Програма за поттикнување на демократска клима воучилиштето | Јованка Анѓелкоска, педагог, психолог, | | |

**Одговорни:**

**-Одделенска настава- Детска организација,**

**/Биљана Каланоска, Весна Речкоска Николова**

**-Еко клуб- Татјана Лошкоска, Ленче Грунческа**

**-Хуманитарни акции, Наташа Неданоска,**

**-Јованка Анѓелкоска – наставник по граѓанско образование**

**- Наде Митановска- претседател на Совет на родители**

## ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ ДЕМОКРАТСКА КЛИМА ВО УЧИЛИШТАТА

| Активности | Реализатор | Време на реализацијата |
|---|---|---|
| Изготвување програма за активности за поттикнување демократска клима во училиштата за 2023/24. | Тим за поттикнување на демократска клима | VIII/2023 |
| Запознавање на Наставничкиот совет со програмата за поттикнување на | Одговорниот на тимот | VIII/ 2023 |

| | | |
|---|---|---|
| демократската клима во училиштата. | | |
| Анкетирање на учениците од предметна настава (Идентификување на состојби, потреби, проблеми). | Тим за поттикнување на демократска клима, ученици | Втора недела IX/2023 |
| Обработка на анкетите. | Тим за поттикнување на демократска клима | Трета недела IX/2023 |
| Избирање на потреба, проблем преку демократски методи и гласање, врз основа на резултатите од обработените анкети. | Тим за поттикнување на демократска клима, ППС, ученици | Трета недела IX/2023 |
| Планирање на начинот на кој ќе се решава проблемот или потребата избрана од учениците. | Тим за поттикнување на демократска клима, ППС, директор | Четврта недела IX/2023 |
| Вклучување на локалната заедница. | Одговорниот тим, директор, локална заедница | IX, X /2023 |
| Реализација на планираните активности. | Одговорниот тим, ППС, директор, локална заедница | IX, X /2023 |
| Отворен ден за граѓанско образование – презентација на реализираниот проект и одржување работилници . | Одговорниот тим, директор, наставници, ППС, родители и претставници од локална заедница | X, XI / 2023 |
| Рефлексија за спроведените активности и информирање на учениците. | Тим за поттикнување на демократска клима | X, XI / 2023 |
| Презентација на реализираната програма на Наставнички совет. | Одговорниот на тимот | II /2024 |

**Тим за реализација на активноста: Поттикнување на демократста клима во училиштата**

**1.Јованка Анѓелкоска-наставник по граѓанско образование**

**2.Томчо Алексоски-педагог**

**3.------------------------- -психолог**

Учениците во нашето училиште се организирани во своја организација т.н. ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА, со цел запознавање на учениците со своите права и обврски, меѓусебно другарување и негување на чувството на толеранција, заедничка грижа за културно – забавниот живот во училиштето, негување на заедничката игра, како и соработка со децата од други училишта, градови и држави.

Детската организација претставува здружение на сите ученици од I до IX одделение, која работи под раководство на одговорни наставници. На чело на организацијата стои одбор, составен по 1 ученик од секоја паралелка од VI IX и по еден претставник од учениците од I до V.

**(прилог програми)**

**10.Ученичко организирање и учество**

Учениците, согласно Законот за основно образование се организираат во заедница на паралелки. Во училиштето функционира Ученички парламент кој се избира на демократски начин со тајно гласање.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на паралелките.

Во ученичкиот парламент учествуваат претседателите на ученици од шесто до деветто одделение.

**ЗАЕДНИЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ (УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ)**

Во составот на воспитно-образовниот процес во училиштето активно работи и ученичката заедница. Ученичката заедница во училиштето ќе се формира на две нивоа и тоа: на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Ученичката заедница се организира во рамките на паралелката и претставува заедница на паралелката која брои три членови. Тоа раководно тело од ученици на состаноците ќе ги поставуваат и успешно ќе ги решаваат проблемите од секојдневниот детски живот.

По еден член од заедницата на паралелките ќе биде претставник на ученичката заедница на училиштето. Таа ќе брои 12 членови од учениците од шесто до деветто одделение. Во почетокот на учебната година учениците изготвуваат План и програма за работа на заедницата и во текот на учебната година се реализира истиот во соработката меѓу наставниците, учениците и педагошко-психолошката служба во училиштето .

Задачи:

-Социјализација и комуникација на учениците

-Чување на дигнитетот на училиштето, одржување на редот и дисциплината, градење правилен однос кон училишниот инвентар

-Развивање на еколошка свест на учениците,

-Да се гради смисла за партнерски однос на учениците со наставниците, стручната служба , директорот, локалната и пошироката средина во решавање на проблемите.

Активностите во ученичките организации во училиштето се од посебно значење за правилниот воспитно-образовен развој на учениците. Ученичките заедници ќе преземат мерки и активности за поуспешно учество на учениците во ВОР и постигање на што подобри резултати на тој план, активности за подигање на ученичкиот стандард, организирање на општествено-корисна работа и развивање на културно-забавен и рекреативен живот на учениците како и нивно активно учество во изборот за доделување на признанија, пофалби и награди на учениците. Преку разновидни форми на ученичко делување учениците ќе се залагаат за подобрување на животот и работата на училиштето. Ученичката организација овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето

**Оваа учебна година содржини за работа на ученичката зедница ќе бидат:**

- разгледување на успехот на паралелките по класификациони периоди, дисциплината и редовноста на учениците по паралелки;
- мерки за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината, доколку истите не се на потребното ниво;
- разрешување на материјалните проблеми на учениците;
- заштита и унапредување на човековата животна средина;
- намалување на насилството меѓу учениците во училиштето и соработка.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА (УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ)**

Ученичката заедница е значаен сегмент во организацијата, животот и работата на училиштето.

Ученичката заедница има за цел социјализација и комуникација на учениците, одржување на дисциплината, градење правилен однос кон училишниот инвентар, развивање на еколошката свест на учениците, градење на свест за демократичност, меѓусебна почит, непречена и отворена комуникација помеѓу учениците и наставниот кадар, како и учество во решавање н проблемите во сферата на воспитно-образовниот процес.

Ученичката заедница егзистира на ниво на

-паралелка

-училиште

Ученичката заедница се формира на почетокот на учебната година.

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ**

| МЕСЕЦ | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОРИ И СОРАБОТНИЦИ |
| --- | --- | --- |
| септември | - Конституирање на УП<br>- Избор на раководство<br>- Утврдување на обврските на учениците | Ученици<br>Одделенски раководители<br>Стручна служба |

| | | |
|---|---|---|
| октомври | - Одржување на редот и дисциплината во училиштето<br>- Придржување кон кодексот на однесување<br>- Предлози за надополнување на кодексот на однесување<br>- Сугестии од страна на учениците<br>- Информирање од страна на учениците за тековни проблеми<br>- Уредување на училишни паноа<br>- Избор и презентација за најдобро уредена училница и најдобро уредено пано | Одделенски наставници<br>Стручна служба<br>Ученици<br>Детска организација |
| ноември | - Предлози на учениците за подготовка на Патрониот празник на училиштето<br>- Предлози за изготвување на весникот „Мугри“<br>- Сугестии и предлози од страна на учениците за подобрување на училишната клима | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Одбор на УП |
| декември | - Разгледување на успехот во прво полугодие<br>- Предлог за доделување признанија во прво полугодие<br>- Учество на свечената приредба организирана по повод Патрониот празник на училиштето<br>- Средби со наградени ученици по повод патрониот празник на училиштето | Директор<br>Наставници<br>Стручна служба<br>Ученици |
| | Организирани активност (предновогодишни и божиќни | УП<br>Детска организација |

| | | |
|---|---|---|
| декември | празници) | Наставници |
| март | - Разрешување на конфликтни ситуации-МИО<br>- Еколошки активности по повод Денот на пролетта<br>- Активности за пошумување | УП<br>Наставници |
| април | - Организирање на Априлијада<br>- Средби со учесниците на натпреварот „Кенгур“<br>- Сугестии на учениците за подобрување на постигнувањата | Директор<br>Наставници<br>Ученици<br>Родители |
| Мај<br>јуни<br><br>**континуиран о** | - Организирање на приредба по повод завршувањето на учебната година | УП<br>наставници |

**Ученички Правобранител**

Минатата година на демократски начин беше избран ученик правобранител Матеј Митрески. Со оглед на тоа што неговиот мандат е две години, истиот ќе продолжи и оваа година да ја обавува неговата функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, многу значаен за заштита на детските права во училиштето.
Ученичкиот правобранител препознава кршење на ученичките права, има улога на постојан набљудувач и прибира поплаки, жалби и претставки од учениците.

**11. Вонучилишни активности**

**11.1 Екскурзии, излети**

-Во училиштето се изведува еднодневен  пролетен и есенски излет за учениците од прво до деветто одделение.

-Планирани се екскурзии за учениците од трето, шесто и деветто одделение.

**Тим за подготовка на Програмата за изведување на екскурзии**

**За трето одделение**:

-директор

-одделенски раководители на трето одделение: Светлана Жилевска, Весна Речкоска Николова, Анкица Цуцулоска

**За шесто одделение**

-директор

-одделенски раководители за шесто одделение: Бобан Блажески, Наташа Неданоска, Елизабета Великоска

**За деветто одделение**

-директор

-одделенски раководители за деветто одделение : Јованка Анѓелкоска, Татјана Лошкоска, Александра Рошкоска

- Планирано е и организирање настава во природа со учениците од петто одделение

**Тим за подготовка на програмата за настава во природа**

- директор

- одделенски наставници од петто одделение: Елизабета Наумоска, Мени Алексиеска, Билјана Тодева Стојаноска

**(прилог, програми за екскурзија и настава во природа)**

**Посебни воннаставни активности**

***Гостувања**

Гостувањата се посебни вонаставни и вонучилишни активности кои се реализираат надвор од училиштето. На почетокот на учебната година кај нас ќе гостуваат ученици и вработени од збратимените училишта од РС и РБиХ, а потоа и нашите ученици и вработени ќе гостуваат во истите две училишта. Покрај тоа планирани се заемни гостувања и со збратименото училиште „Саид Најдени“ од Дебар.

**11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишните активности:**

**-вклучени во музичко училиште**

**-вклучени во спортски клубови**

**-вклучени во фолклорни друштва**

## 12. Натпревари за учениците

Натпреварите се значајна форма на активност на училиштето, особено во развитокот на личноста на ученикот.

Натпреварите посебно се акцентираат поради тоа што претставуваат значаен дискриминативен фактор на квалитетот на знаењето како и мотивациона форма во постигнувањата на учениците.

Натпреварите започнуваат уште од прво одделение со тестот за брзо читање и застапени се во одделенска настава и предметна настава.

Организатори на натпреварите се МОН, БРО, Локална самоуправа, основни и средни училишта, невладини организации, стручната служба и активи на училиштето, а Наставничкиот совет го утврдува распоредот на натпреварите.

.Одделенска настава

Второ одделение – тест за брзо и точно читање

Четврто одделение – македонски јазик

Петто одделение: математика;

Предметна настава

Натпревари на општинско и државно ниво

Литературни средби со литературни дружини од централното и подрачното училиште;

Натпревар по историја и географија – осмо одделение;

Натпревар по македонски јазик и литература;

Натпревар по англиски јазик

Натпревар по германски јазик

Натпревар по математика  4 – 9 одделение;

Натпревар по физика;

Натпревар по хемија;

Натпревар по биологија

Натпревар по природни науки

Еколошка олимпијада;

Млади сообраќајци;

Прва помош и заштита;

Соработка со ЕКО- полиција на ниво на општина;

Смотри на хор и оркестар;

Ликовни изложби;

Кенгур,

Учество на интерни-училишни конкурси и конкурси организирани на општинско и државно ниво;

Учество со лични творби на учениците во медиуми;

| | --Стручна поддршка на наставниците во разбирањето и примената на програмските и концепциските документи<br>--стручна поддршка во  планирање на настава<br>-градење на свест кај наставниот кадар за примена на соодветен пристап кон ученичката популација<br>-поттикнување на наставниците за балансирање на очекувањата кон учениците и корелација со возрасните и интелектуалните карактеристики<br>-поттикнува и очекува висока свест кај наставниците за воспоставување на мотивирачка и истражувачка клима во практицирање на воспитно-образовниот процес (позитивна социоемоционална клима во практицирање на воспитно-образовниот процес)<br>-насоки за примена на етички кодекс во оценувањето и анализа на постигнувањата<br>-квантитативна и квалитативна анализа на постигнувањата на наставниците и анализа на ефектите од пристапот на наставниците кон учениците<br>-анализа на училишната клима и факторите кои допринесуваат за евидентната состојба<br>-насока на наставниците за користење на различни извори на знаења  и вклопување во рамките на наставните планови и програми<br>-стручна помош за активности за реализација на одделенски час(планирање и реализација)<br>-Учество во проекти и давање поддршка на наставниците за реализација на проекти, преку планирање , организирање и реализација на проектите ,  подготовка на работилници, реализација на работилници, подготовка на извештаи и други активности за потребите на проектите<br>-координација и помош на наставниот кадар во процесот на изготвување на самоеваулација<br>**Поддршка на наставниците  во работа со учениците**<br>-создавање на свест кај наставниците за тоа дека соодветниот пристап и соодветна мотивација во голема мера влијае врз постигнувањата<br>-стручни насоки на наставниците за соодветен пристап кон учениците, зависно од психофизичкиот, емоционалниот и интелектуалниот развиток и потребите на наставниот процес<br>-градење на свест кај наставниците за недискриминативност во пристапот кон учениците<br>-координирање на наставниот план со развојните карактеристики на учениците,<br>-градење на свест кај наставниците за користење на мотивирачки техники и методи во воспитно – образовниот процес<br>-да ја почитуваат индивидуалноста на учениците<br>-да градат позитивна училишна клима помеѓу ученичката |

| | |
|---|---|
| | популација<br>-да учествуваат во превенирање и разрешување на конфликтните ситуации<br>-да воспостават систем на проценка на постигнувањата и однесувањето, почитувајќи го принципот на недискриминативност и мултифакторско согледување на состојбите<br>-повеќефакторски, а не праволиниски, дискриминирачки и тенденциозност во пристапот кон проценка на постигнувањата<br>-наставниците да градат системи и пристапи на почит кон учениците , поради двонасочноста или повеќенасочните ефекти кои можат да бидат предизвикани како пропратни дејствија<br>-да градат соодветни пристапи кон разрешување на проблемите на учениците, како не би го продлабочиле веќе постојниот проблем и не би предизвикале дополнителни причинско-последични компоненти во однесувањето<br>-да се подигне на повисок степен делувањето врз воспитната компонента и на соодветен начин да се пристапи кон секој ученик поединечно , но и да се делува врз хомогенизација на групата<br>-да сондираат сознанија и да ја следат состојбата со професионалната ориентација кај учениците во согласност со корелативната поставеност на предметот кој го реализираат и можностите за професионална ориентација<br>-активности за подготовка и реализација на самоевалуација<br>-подготовка и реализација на стручни теми и работилници |

**3. Соработка со родители**

| | |
|---|---|
| Соработка со родители | -индивидуални и советување со родители<br>-консултативни разговори<br>- се подобрува конуникацијата помеѓу родителот и ученикот во согласност со возрасните карактеристики и личноста на ученикот<br>-развивање на ефикасна соработка со родителите<br>-градење на свест кај родителите за влијанието на соработката со училиштето, како фактор за подобрување на постигнувањата на учениците |

**16.4 Самоеваулација на училиштето**

Самоевалуацијата во училиштето се врши на секои две учебни години (на крајот од учебната година).Самоеваулацијата на училиштето ја изготвува тимот за самоеваулација. Со самоевалуацијата се идентификуваа јаките и слабите страни во училиштето во домен на седум подрачја (Наставни планови и програми, Постигнувања на учениците, Учење и

настава, Поддршка на учениците, Етос, Ресурси и Раководство, креирање политика. Слабите страни се ставаат како приоритети во Програмата за развој на училиштето.

-Членови на Комисија за самоевалуација на училиштето

| **Подрачје** | **Член** | **Подрачје** | **Член** |
|---|---|---|---|
| 1.Организација и реализација на наставата и учењето | Томчо Алексоски | 5.Комуникација и односи со јавноста | Елизабета Наумоска |
| 2.Постигнувања на учениците | Психолог | 6.Училишна клима и култура | Билјана Каланоска<br>Виолета Петковска |
| 3.Професионален развој на наставниците, стручни соработници, воспитувачи и наставен кадар | Фила Вероска-Стојковска | 7.Соработка со родителите и локалната средина | Наде Митановска |
| 4.Унапредување и раководење | Благица Мутлакоска | | |

ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАУЛАЦИЈА

| Р.б | Подрачје | Методи и техники | реализатори |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | Организација и реализација на наставата и учењето | анкети<br>Применувани наставни планови и програми;<br>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>Прилагодување на наставните планови и програми на децата со посебни образовни потреби;<br>Избор на наставни планови;<br>Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектни активности на учениците;<br>Реализација на проширени програми. | Тим за подрачје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Постигнување на учениците | анкети<br>Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>- Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност | Тим за подрачје |
| | Комуникација и односи со јавноста | анкети<br>Постигнувања, наставни планови и програми, применети методи и техники во учењето | Тим за подрачје |
| | | анкети<br>Програми за мотивирачки пристап, анкети, потреби и афинитети на учениците | |
| | Училишна клима и култура | Анкети,, Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>-Превенција од насилство<br>-Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>-Квалитет на достапна храна<br>-Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>-Грижа на учениците од социјално загрозени семејства | Тим за подрачје |
| | Соработка со родителите и локалната средина | анкети<br>Просторни услови, кадровски потенцијали, безбедност во училиштето, соработка | Тим за подрачје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | со родителите и локалната средина | |
| | Унапредување и раководење | анкети<br>- управување со училиштето<br>- раководење со училиштето | Тим за подрачје |
| | | - јасност и соодветност на целите<br>- процедури за креирање на училишната политика | |
| | Професионален развој на наставниците, стручни соработници, воспитувачи и наставен кадар | - цели на развојното планирање<br>- професионален развој/ стручно усовршување на кадарот<br>- материјално-технички средства<br>- инфраструктура | |

**17. Безбедност во училиштето**

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ**

| СОДРЖИНА | РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|
| Физичко обезбедување на училишниот објект | Технички ресурси<br>Човечки ресурси |
| Дежурства на наставниот кадар | Наставен кадар |
| Прием на учениците пред почетокот на часот | Дежурни наставници |
| Разрешување на конфликтни ситуации | Стручна служба, наставен кадар, родители, ученици |
| Доследна реализација на наставна програма за безбедност на учениците | Одговорни наставници |
| | |

| | |
|---|---|
| Предавања пред ученичката популација за безбедност | Надлежни институции |
| Соработка со надлежни институции за обезбедување на безбедност на учениците | Надлежни институции |
| Реализација на Проекти поврзани со безбедноста на учениците | Одговорни на проекти<br>И друг наставен кадар |

Планот за евакуација на училиштето се наоѓа во делот за простор од годишната програма.

Одговорните за соработка со Црвен Крст- Охрид, континуирано посетуваат обуки и курсеви за прва помош и заштита.

Во доменот на безбедноста на училиштето, континуирано се соработува со надлежни институции.

**18. Грижа за здравјето**

Во рамките на подрачјето- грижа за здравјето на учениците, училиштето подготвува протоколи и процедури, согласно препораките на МОН и Министерството за здравство.

**18.1 Хигиена во училиштето**

Во училиштето хигиената се спроведува согласно наведените процедури од Министерството за здравство и Министерството за образование.

Во училиштето се спроведува дезинфекција, секојдневно чистење на простории, поставување на дезинфекциски средства за раце.

Во училиштето се спроведува едукација за подигнување на свеста на учениците за одржување на хигиена.

Одговорноста за одржување на хигиената во училиштето ја има техничкиот персонал, како и секој вработен и ученик поединечно.

**18.2 Систематски прегледи:**

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со здравствените домови. Медицински центар и Центар за јавно здравје -(Инфективно одделение и одделение за имунизација) , Републички завод за здравствена заштита -одделение Медицина на трудот, сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години, се врши систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабораториски преглед, интернистички, офталмолошки преглед , ОРЛ преглед. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од I одд., III одд. , V одд., VII одд. и IX

одд. кој опфаќа мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на `рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крв и урина . По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд. до VI одд. како и залевање на забите ,откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците , евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во „Одделение за орално здравје - стоматологија во Охрид “ со одделенски раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати ,информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

**18.3. Вакцинирање**

Систематски лекарски прегледи, прегледите за забите на учениците, како и редовни вакцинации и ревакцинации ќе се реализираат според планот на Медицински центар Охрид и во просториите на Медицински центар.

**18.4. Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштето**

Во училиштето, поради тоа што не постојат услови за подготовка на храна, учениците се советуваат да носат храна од дома.

За реализација на овој дел од грижа за здравјето на учениците, училиштето организира едукативни предавања и настани за здрава храна. Едукацијата на учениците има за цел да ја подигне свеста за консумирање здрава храна и формирање навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираат содржини за здрава храна и ги реализираат на одделенските часови, редовните часови и вонначставни активности.

**19. Училишна клима**

Според изработената самоевалуација може да се заклучи дека нашето училиште има многу добар углед во околината. Тоа располага со високо квалитетен наставен кадар кој при работата користи современи форми, методи и наставни средства и ги спроведува иновациите во наставата.

Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествувале преставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури.

Климата во училиштето е на многу добро ниво. Постои почитување на релација наставник- наставник и на релација ученик- наставник. Доколку постојат индиции на спротивставени мислења, тие се решаваат преку разговори и дебати.

Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи.
Поведението и дисциплината во училиштето се добри со исклучок на учениците чии психофизички развој предизвикува минимални отстапувања во однос на дисциплината.

Во училиштето постои Правилник за дисциплински мерки за санкционирање

**19.1 Дисциплина**

**План за подобрување на училишната дисциплина**

| | |
|---|---|
| 1. | Разговор за дисциплината за време на одделенските часови |
| 2. | Идентификување на евентуално недисциплинирано однесување |
| 3. | Разговор на наставник со стручна служба за однесувањето на учениците |
| 4. | Разговор на стручна служба со учениците |
| 5. | Разговор на стручна служба со родителите |
| 6. | Работилници за надминување на состојби со дисциплината |
| 7. | Работилници за надминување на конфликтни ситуации |
| 8. | Спроведување на редовни дежурства од страна на наставен кадар<br>-Се дежура во двете училишни згради и подрачното училиште. Наставниот кадар дежура, согласно распоредот на часови. |
| 9. | Водење на писмена евиденција за тековни збиднувања за време на одмори |
| 10. | Едукација на учениците за заштита при појава на елементарни непогоди , заразни болести и други причини кои ја нарушуваат безбедноста |

-Распоредот на дежурства се усогласува согласно распоредот на часови и просторната распределба на паралелките;

| Ден | Дежурни наставници |
|---|---|
| Понеделник | Фила Вероска-Стојковска ,<br>Игор Стефаноски |
| Вторник | Благоја Ристески,<br>Зоран Русески |
| Среда | Наташа Неданоска,<br>Ленче Грунческа |
| Четврток | Јованка Анѓелкоска,<br>Силвана Крстеска |
| Петок | Богоја Мојсоски,<br>Бобан Блажески |
| Дежурни наставници-одделенска настава | |
| Понеделник | Мени Алексиоска<br>Весна Карадакоска |
| Вторник | Елена Китески |

| | |
|---|---|
| | Милка Кевереска Шапкароска |
| Среда | Елизабета Наумоска<br>Наумче Јанкуловски |
| Четврток | Весна Речкоска Николова<br>Виолета Петкоска |
| Петок | Магдалена Чалоска<br>Светлана Жилевска |
| Дежурни наставници ПУ.с.Д/Лакочереј | |
| Понеделник | Билјана Тодева<br>Благица Мутлакоска |
| Вторник | Милена Танеска<br>Александра Рошкоска |
| Среда | Соња Милеска |
| Четврток | Анкица Цуцулоска<br>Јулија Крстева |
| Петок | Биљана Каланоска<br>Елизабета Великоска |

Во училиштето е поставен видео надзор.

За отворање и затворање на училиштето задолжен е техничкиот персонал.

### 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тим од вработени и претставници од ученички парламент за изработка на план за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

| Тим за изработка на план за естетско планирање | активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| Богоја Мојсоски<br>Татјана Лошкоска<br>Ленче Грунческа<br>Одделенски раководители<br>Ученички парламент<br>Ученичка заедница<br>Родители | -уредување на училишниот двор во централното училиште<br>-уредување на училишниот двор во подрачното училиште<br>-засадување на млади садници<br>-уредување на ентериерот на училиштето<br>-уредување на паноата на училиштето<br>-организирање изложби | Континуирано |

### 19.3 Етички кодекс

Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности со цел да се подигнат меѓусебните односи на што повисоко ниво на соработка и почитување. Наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и другите вработени треба да се стремат кон унапредување на воспитно-образовниот процес преку почитувањето на правилата за однесување во училиштето.

Етичкиот кодекс на ООУ „Кочо Рацин" - Охрид ги содржи основните правила на однесување во училиштето што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата ќе бидат видливо истакнати во училишната зграда и на веб страната на училиштето, така што секој ќе има можност постојано да има увид во истите со цел училиштето да биде пријатно катче во кое постојано ќе се развива успешна соработка меѓу наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и другите вработени.

### 19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

**Тим за анализа на критични точки во комуникација помеѓу одредени структури** во училиштето:

-педагог

-психолог

-Одговорни на активи

-Виолета Петковска

-Јулија Крстева

-Игор Стефаноски

Тимот има изработено план за реализација на активностите (во еко-активности)

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите и приоритетите за професионален развој на воспитно- образовниот и стручниот кадар се детектираат врз основа на спроведени анкети, прашалници, листови за професионален развој.

### 20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој подразбира секојдневно професионално и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења.

Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието. Активностите за

професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој која ќе оди во прилог.

Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво ( стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. Повеќето од наставниците се согласуваат дека во училиштето редовно се врши дисеминација, поддршка на наставниците на барање на наставниците или врз основ на опсервација во училиштето,

- состаноци на ниво на активи,

- семинари во училиштето,

- организација на отворени часови,

- воннаставни активности,

- менторство на наставник приправник,

- поддршка на индивидуално учење (coaching),

- размена на позитивна пракса помеѓу наставници во училиштето и помеѓу наставници од други училишта со посебен акцент на збратимените училишта.

- анализа ; евалуација

**20.3. Личен професионален развој**

Личниот професионален развој подразбира самостојно и независно учење и професионално надоградување на поединецот. Активностите за личниот професионален развој се состојат од своеволно проширување на компентенциите преку курсеви, литература и сл. Секој наставник има свое портфолио во кое се наведени активностите за личниот професионален развој

Наставниците континуирано се мотивираат и поттикнуваат за учество на семинари и обуки за личен професионален развој и стекнување на искуства кои ги применуваат и споделуваат на ниво на активи. Нивната работа се следи со водење на професионални досиеја и педагошки картони. Наставниците имаат желба стручно да се усовршуваат и да посетуваат семинари и обуки по одредени области.  Секој наставник е задолжен да/треба да:

-води сопствено портфолио/ професионално досие кое е контролирано од стручната служба и инспектори од ДПИ

-посетува семинари, обуки, работилници, работни состаноци со цел лично усовршување , стекнување нови искуства и сертификати

- изработи План за Личен Професионален Развој ( ПЛПР- се изработува и дополнува тековно поради немање на однапред понудена листа од понудувачите на обуки)

**20.4.Хоризонтално учење**

**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ И СТРУЧНИОТ КАДАР**

Професионалниот развој на наставниот и стручниот кадар се планира и реализира по хоризонтална и вертикална насока. Наставниот кадар учествува на обуки и семинари организирани од страна на МОН, БРО, Локална самоуправа, невладини институции и други релевантни министерства и институции.

Програма за професионален развој

| | | | |
|---|---|---|---|
| УЧИЛИШТЕ | КОЧО РАЦИН | МЕСТО И ОПШТИНА | ОХРИД |
| СТРУЧЕН СОРАБОТНИК, наставник | ПСИХОЛОГ, ПЕДАГОГ, НАСТАВЕН КАДАР | | |
| УЧЕБНА ГОДИНА | 2023/2024 | | |

| РЕД. БР | КОМПЕТЕНЦИИ | АКТИВНОСТИ СЕМИНАРИ/ВЕБИНАРИ ОБУКИ | РЕСУРСИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ | ЗАБЕЛЕШЛИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Психолог Педагог Наставник | Учество на семинари организирани од МОН И други надлежни институции во доменот на воспитно образовниот процес | Стручни материјали и ИКТ | 2023/2024 | Следење на новите трендови во доменот на психолошко педагошка практика и подобрување на квалитетот на работата и придонос во подобрување на воспитно-образовниот процес | |
| 2. | Психолог Педагог наставник | Учество на семинари и обуки организирани од страна на надлежни институции во доменот на психологијата и психолошките истражувања, воспитно | Стручни материјали и ИКТ | 2023/2024 | Следење на новите трендови во психолошката практика и воспитно образовниот процес | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | образовниот процес | | | | |
| 3. | Психолог Педагог наставник | Учество на вебинари организирани од страна на надлежни институции во областа на психологијата и психолошките истражувања и воспитно образовниот процес | Стручни материјали и ИКТ | 2023/2024 | Следење на новите текови во психологијата, педагогијата и наставните процеси | |
| | | | | | | |

### 20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

За покажување на добри резултати на училиштето потребно е сите да учат и да се подобрат, не само учениците туку и вработените. Тоа е еден од условите за да биде училиштето ефективно и да се грижи за кадарот како и за неговиот професионален развој и напредување. Професионалниот развој ќе опфати учење, подготвеност за промени, решавање на специфични стручни проблеми, промени во однесување и работа, чувство дека личноста е почитувана и ценета на своето работно место.

Со примена во пракса и подготвени да се внесат промени во начинот на работа, во однос на ученици, колеги и родители како и начинот на комуникација во училиштето, тоа води и кон кариерно напредување на воспитно образовниот кадар. Најдобри резултати за кариерен развој се постигнува ако професионалниот развој се одвива на ниво на училиштето и е базиран на личните податоци. Стручниот актив е јадро на учење на едни од други.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Овој вид на соработка е многу важна компонента преку која се остварува воспитно-образовната дејност на училиштето. Училиштето е отворено за соработка со родителите во функција на подобрување на комуникацијата на локалната средина и училиштето како интегрален дел и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето од година во година забележува голем напредок во полето на соработката со родителите, која не се сведува само на информирање на родителите туку и на нивно поголемо активирање на оганизационо поле, учество во проекти, работилници, хуманитарни акции, донесување одлуки во работата на училиштето (Совет на родители на паралелки, Совет на родители на училиште).

Преку Училишниот одбор родителите имаат можност да влијаат на работата на училиштето во сите области.

Целта на соработката со родителите и локалната средина е истите да се поттикнат за интензивирање на соработката, приближување кон воспитно - образовниот процес кој се води во училиштата; Приближување на родителите кон работата на наставникот не само како предавач и оценувач туку и како воспитувач; Поголема меѓусебна поддршка која стреми кон формирање на ученикот како зрела, одговорна личност со високи морални и интелектуални квалитети.

Училиштето иста така остварува соработка со родителите во разновидни активности и одбележување на манифестации: државни празници, јубилеи, Денот на училиштето и соработката со збратимените училишта, спортски натпревари, ЕКО активности и сл.

Соработка со родителите се остварува на ниво родител- ППС во облик на советување пропишано со закон.

Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интерес.

**21.2 Вклученост на родителите /старателите во процесот на учење и вонnаставни активности**

Соработката со родителите во врска со процесот на учење, напредокот и постигањата на учениците се реализира преку родителски средби, индивидуални разговори, отворени приемни денови, консултативна соработка.

Советот на родители е формиран од  членови од редот на родителите на учениците од прво до деветто одделение.

Советот на родители  ја следи воспитно- образовната работа, дава мислење, активно се вклучува во работата на училиштето преку соодветни струки и занимања  и како консултанти во воспитно- образовниот процес.

Со советот на родители раководи  избран член од Советот.

**Основни принципи на работа на советот на родители:**

-Демократизација на училишната средина

-Вклученост на родителите од локалната средина

-Создавање свесност на родителите и пошироката заедница за ефектите од вклученоста на родителите  во работата на училиштето

-Зголемување на ефективноста и квалитетот на воспитно- образовниот процес во училиштето

-Анимираност на училиштето во пошироката средина

**Приоритетни проблеми**

-Дислокација на училиштето во објект од поранешната касарна

-Подобрување на околината на училиштето

-Изградба на фискултурна сала

-Подобрување на  материјално- техничкиот и нагледен ресурс на училиштето

-Квалитет и ефективност во воспитно- образовниот процес

-Превенција и разрешување на конфликти

-Социјализација на учениците и хомогенизација на паралелките

-Превенција од болести на зависност

-Тековни приоритети од интерес за подобрување на квалитетот на воспитно- образовниот процес

**Цели и задачи:**

-Осовременување на воспитно- образовниот процес

-Подобрување на здравствените, хигиенските и естетските услови за работа на училиштето

-Подобрување на ефективноста на училиштето и квалитетот на воспитно- образовниот процес

**Предвидени активности:**

-Изработка на техничка документација за издвоените проблеми

-Информирање за програмата на Советот

-Информирање на Министерството за образование за тековните проблеми

-Изработка на Проекти

-Вклучување во сите сегменти на воспитно- образовниот процес,

-Продолжување на имплементирањето на Комеровиот модел;

**Очекувани ефекти:**

-Осовременување и подобрување на квалитетот на реализација на воспитно- образовната дејност

-Ефектуирање на воспитните фактори

-Здрав психофизички развој на учениците

**Во процесот на учење**

Родителите имаат можност за увид во планирањата од секаков вид, со тоа доколку сметаат за потребно можат да се вклучат со нивни мислења и сугестии за нивно дополнување или измени.

Им даваат поддршка на наставниците во реализација на зацртаните планови за: имплементирање на иновирана настава, поголем напредок на учениците со посебен

акцент на учениците со потешкотии во развојот и учењето и ученици со нагласен талент во одредени области.

Помагаат при набавка на наставни средства , помагала и материјали за учениците кои доаѓаат од семејства кои припаѓаат на социјално загрозена категорија.

Имаат можност да учествуваат во креирање на средината за учење.

**Во активностите во училиштето**

Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на вонnаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави , приредби , нагледни активности во рамките на различни наставни предмети и сл.

**Донесување на одлуки**

Преку Советот на родители и Училишниот одбор, родителите се вклучени во донесување на одлуки од секаков карактер кои се во својство на унапредување и подобрување на воспитно - образовниот процес и целокупната работа на училиштето (согласно со законски дадените ингеренции на споменатите тела).

**21.3 Едукација на родителите/старателите**

Едукацијата на родителите се организира преку типизирани предавања, работилници за родители, вклучување во проекти и хуманитарни акции, училиштен весник, соопштенија, брошури, флаери и сл.

- се организираат и советодавни работилници

- идивидуални и групни средби , посета на семејства ,организирани од одделенски раководител и/или училиштен психолог.

- се организираат советувања за родители согласно Законот за основно образование

**22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.

Училиштето соработува со сите релевантни институции кои допринесуваат за успешно спроведување на воспитно-образовната дејност.

Основното училиште како императив во работењето има зацртано соработка со Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, локалната заедница, соработката со основни и средни училишта, Домот на културата, Градската библиотека, НП Галичица, Хидробиолошки завод, Младински Центар- Охрид, Касарна ХАБ, СЛОУ ФУД, локални ТВ и радио станици и интернет

портали, Биро за вработување, Центар за социјални грижи, Медицински центар, институции задолжени за безбедноста на учениците и други компетентни институции.

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности, како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

ООУ „Кочо Рацин“ е училиште кое има јасна определба за соработка со јавноста и за промоција не само во рамките на локалната средина, туку и пошироко.

**-Транспарентност во информирањето**

Информирање на пошироката јавност за:

-Постигнатите резултати во наставата и успехот на учениците

-Активностите што се преземаат за унапредување на здравјето на учениците

-Реализирањето на проекти,-Резултати од извршени испитувања

Информирани субјекти и инструменти на информирање:

-Министерство за образование и наука

-Биро за развој на образовани

-Локална самоуправа

-Стручни тела на училиштето

-Училиштен одбор

-Совет на родители

- Родителски средби,

-Поширока локална заедница

-Училиштен весник „Мугри“

-Локалните радио и ТВ станици

## 23.Следење на годишната програма за работа на основното училиште

| | |
|---|---|
| **1.** | Процес на самоевалуација |
| **2.** | Анализа на постигнувања |
| **3.** | Прашалници |
| **4.** | Анкети |
| **5.** | Интервјуа |
| **6.** | Увид во работата на учениците |

| | |
|---|---|
| **7.** | Набљудување |
| **8.** | Увид во работата на органите и телата на училиштето |
| **9.** | Извештаи |
| **10.** | Дискусии |

## 24. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Тим за следење на Годишната програма за работа:

-директор

-педагог,

-психолог,

-одговорни на стручни активи

-одделенски раководители,

-реализатори на проекти и истражувања

Континуирано се собираат докази (прашалници, анкети, записници, дискусија, интервјуа, опсервација, извештај);

## 25. Заклучок

**Програмските содржини на Годишната програма се темелат врз целите, задачите, принципите, одредбите на Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно основно образование, правилници, Наставните планови и програми.**

**Програмата е изготвена врз пристапот на сеопфатност на содржините, интегрален опис на структуралните сегменти на училиштето и Концепцијата на деветгодишното образование синхронизиран со иновираното и деветгодишното основно образование, со флексибилност и отвореност за дополнувања, адаптација и координација. Се темели на методолошки и концептуални принципи со прилагодување на барањата на воспитно-образовниот систем, очекувањата на заедницата, целите и приоритетите на училиштето.**

**Годишната програма, како појдовен документ на училиштето, ги има во предвид просторните услови, кадровскиот и ученичкиот ресурс, во соработка со родителите и останатите чинители на воспитно-образовниот процес.**

**Имајќи го во предвид фактот дека ученикот е во центарот на преземањето активности на воспитно образовниот процес, испланирани се низа активности за севкупен едукативен, психофизички , емоционално- социјален, емоционален и воспитен развој.**

**Имплементирајќи ги наведените проценки и програми, училиштето продуцира ученици кои се здобиваат со трајни знаења, зрели личности, спремни да се справат со предизвиците и да се вклопат во општествените текови.**

**Со таквиот начин на програмско планирање, но што е поважно и реализирање на планираните активности, училиштето претставува институција која ги постигнува воспитно-едукативните и наставни цели.**

**Покрај практицирање на наставните планови и програми, во училиштето се реализираат бројни истражувања, проекти, вонnаставни активности, кои придонесуваат за постигнување на целите.**

**Вработените во училиштето, континуирано го следат развојот на учениците и транспарентно и редовно информираат и соработуваат со родителите, како и со сите надлежни институции.**

**Програмата на училиштето е флексибилна и ќе се прилагодува согласно насоките и потребите во интерес на воспитно-образовниот процес на училиштето.**

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште:

-Директор, Славица Котеска

-Педагог, Томчо Алексоски

-Психолог,

-предметен наставник-Јованка Ангелкоска

-одделенски наставник,Виолета Петковска

-одговорен наставник на библиотека, Наташа Неданоска

## 27. Користена литература


-Закон за основно образование;

-Статут на училиштето;

-Концепција за деветгодишно основно образование;

-Концепција за основно образование

-Наставни програми од прво до шесто одделение

-Концепција за воннаставни активности;

-Наставни планови и програми за деветгодишно основно образование;

-Програма за развој на училиштето;

-Извештај за работа на училиштето 2022/2023 година;

Врз основа на Законот на основно образование и Статутот на училиштето, директорот подготви предлог Годишна програма за работа на ООУ „Кочо Рацин“- Охрид. Наставничкиот совет на својата седница од . 2023 година ја разгледа предлог Програмата за работа на училиштето и ја достави на разгледување до Училишниот одбор.

Училишниот одбор врз основа Законот за основно образование, на одржаната седница одржана на 25.07.2023 година разгледа и предлага до Советот на Општина Охрид

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А

за работа на ООУ „Кочо Рацин“ - Охрид

за учебна 2023/2024 година

Претседател на Училишниот одбор

Наде Митановска

-------------------------------------------------